# Услови на користење

**ПроКредит Банка**

Манапо 7, 1000 Скопје
Р. Северна Македонија

Онлајн Експозитура (24/7): +389 2 2446000
E-mail: mkd.info@procredit-group.com

**Интернет страницата е регистрирана во:** Марнет, 1000 Скопје, С.Македонија

Претставници (овластени лица кои ја застапуваат ПроКредит Банка АД Скопје):

- **Емилија Спировска,** член на Управен одбор
- **Стевче Кузмановски,** член на Управен одбор
- **Милан Дамчевски**, член на Управен одбор

## Авторски права

Оваа веб страна е изработена од ПроКредит Банка АД Скопје, акционерско друштво што е основано и кое работи според македонските закони, ако не е поинаку назначено подолу. ПроКредит Банка АД Скопје ги задржува правата кои произлегуваат од оваа веб страна. Тоа се однесува особено на текст, слики или графички елементи, вклучувајќи го и нивното појавување на веб страната. ПроКредит Банка АД Скопје дозволува преглед и снимање на сите содржини од веб страната исклучиво за некомерцијални и информативни потреби и за лична употреба. Со авторските права се забранува вршење измени, репродукција, преведување и снимање на содржините на други медиуми со слична содржина,

вклучувајќи и електронска форма. ПроКредит Банка АД Скопје  има полно право без претходно известување да ја менува, дополнува и брише оваа веб страна во целост или делумно, или пак привремено или трајно да ја прекине нејзината работа, според сопствена желба без да сноси одговорност за тоа.

## Авторски права: бренд, имиња, лого

Брендовите, имињата, логоата и сл. кои се користени на оваа веб страна, ако не е поинаку назначено, се заштитени од ПроКредит Банка АД Скопје или од давателите на лиценците, или односните сопственици, без разлика дали се наведени како такви, или дали го носат симболот ®. Брендовите целосно подлежат на важечкиот Закон за индустриска сопственост, како и на Законот за сопственост на регистрираните сопственици. На трети лица им се забранува употребата на таквите трговски знаци.

## Напомена за оградување

Оваа веб страна е подготвена со големо внимание. Информациите кои се наоѓаат на страната се проверени. И покрај тоа, не се презема никаква одговорност за нивната точност, прецизност, ажурираност и целосност. Не се прифаќа ниту одговорност за посредна или непосредна штета која произлегува како резултат од употребата на оваа веб страна, освен ако не е предизвикана намерно или поради големо невнимание. Пристап до веб страната и употребата на документите кои се достапни на страната се целосно на ризик на корисникот.

Доколку имате прашања во врска со интернет страницата, Ве молиме контактирајте со нас на следната адреса:
mkd.info@procredit-group.com